Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Република Македонија-Republika e Maqedonisë
ДИМИТАР ВЛАХОВ Скопје - DIMITAR VLAHOV Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Epranuar: | 21.07.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Организац. Nj.org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 01 | 907 | 2 | |

[redacted]


Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта:


**Архивски бр.12/6 – 2932/2**
**Дата:08.07.2016**

**До: Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" - Скопје**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Средното училиште на Град Скопје„ Димитар Влахов" , број 01-907/1 од 06.07.2016 година.

***Образложение***

Средното училиште на Град Скопје „Димитар Влахов" , го изготви актот за измена и дополнување на актот за систематизација на работните места во установата и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на претходна согласност до Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерството за информатичко општество и администрација, го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и Каталогот на работни места во јавниот сектор, објавен на веб страната на Министерството за информатичко општество и администрација.

Во рамки на утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
М-р Јахи Јахија

Република Македонија * Министерство за информатичко општество и администрација * Скопје

*Изготвил: Славица Куновска*
*Согласен: ДС Љубомир Младенов*

57

Република Македонија-Republika e Maqedonisë
-Средно училиште на Град Скопје - Shkolla te mesme te qytetit Shkup
ДИМИТАР ВЛАХОВ Скопје - DIMITAR VLAHOV Shkup

Бр./No. 01-907/1
06.07 2016 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14;199/14 и 27/2016), директорот на Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ на ден 06.07.2016 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**за систематизација на работните места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„**

Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ (бр.01-799/1 од 25.06.2015; 01-1279/1 од 01.10.2015 ) , во член 12 став 1 алинеја 4 и член 13 став 1 алинеја 4 се бришат зборовите „или Аптис„.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Раководно лице на СУГС„Димитар Влахов„
Ванчо Божиновски

58